**Врз основа на член 3 од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија„ бр.08/95, 38/02 ,66/07, 98/08, 67/09) директорот на Управата за водење на матичните книги донесува :**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За измена и дополнување на Решението за определување на матичните подрачја**

**Во Решението за определување на матичните подрачја бр.01-1833/1 од 22.12.2010 година („Службен весник на Република Македонија„ бр.167/10) во точка 1 по зборот „Крушопек„ се додаваат зборовите.„ Рашче, Копаница„.**

**По точка 1 се додава нова реченица која гласи:**
**„ Матичното подрачје Радуша со седиште во Радуша води матични книги на родени и умрени за Радуша, Рудник Радуша, Дворце„.**

**Во точка 31 зборот „Свиланце„ се заменува со зборот „Цвиланце„ и се додаваат зборовите: „Дренок, Канарево, Макреш, Облавце, Орах и Руѓинце„**

**Во точка 32 зборот „Пузаљка„ се заменува со зборот „Пузајка„, а зборот „Мгленце„ се заменува со зборот „ М'гленце„.**

**Во точка 39 зборот „Бс„ се заменува со зборот „Б'с„„.**

**Во точка 40 зборот „Пклиште„ се заменува со зборот „П'клиште„.**

**Во точка 43 зборот „ Топаловиќ„ се заменува со зборот „Тополовиќ„.**

**Во точка 44 зборот „Шопско Рудари„ се заменува со зборот Шопско Рударе„.**

**Во точка 76 по зборот „ Радичево„ се додаваат зборовите :„ Седларци, Трибичино, Едрениково, Варварица„.**

**Во точка 84 по зборот „Дурутлија„ се брише зборот „Коџалија„ а се додава зборот „Ќоселија„.**

**Во точка 114 по зборовите: „Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Арилево, Растојца„ се додава зборот „Кочишта„.**

**Во точка 169 по зборот „ Сретково„ се додава зборот „Горна Ѓоновица„.**

**Ова решение стапува на сила со денот на донесувањето.**